

**Во музичката фела Марјан Јанкоски е познато име. Тој е етноинструменталист, докажан изведувач на различни видови народни инструменти, а кавалот му е посебна специјалност. Познат е и како автор на музички дела во кои ги спојува навидум неспоивите нешта - изворната инструментална музичка традиција и православната музика со класичната. Како изведувач и како автор, Јанкоски учествувал во реализацијата на неколку музички албуми, меѓу другите и на „Божилак" на Тоше Проески", како и на „Разбој" на „Драган Даутовски квартет". Јанкоски е и професор по народни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Штип и основач на музичкиот состав „Портал", со кој неодамна настапи на концерт во Даут-пашин амам во рамките на фестивалот „Скопско лето"**

# МЕ ИНСПИРИРА ЗВУКОТ НА МАКЕДОНСКОТО ТЛО

■ **Важите за музичар кој свири на повеќе народни инструменти, воедно сте и професор по народни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Штип? Како се случи Вашето влегување во светот на етномузичката традиција?**

● Потекнувам од Вевчани, таму сум роден, средно музичко училиште завршив во Битола, а потоа во Скопје - Факултет за музичка уметност, каде што и магистрирав на тема „Примена на народните музички инструменти во одделенската настава". Во средното училиште во Битола не учев народни инструменти бидејќ и таму немаше таква класа, но затоа тогаш почнав да се интересирам за компонирањето, односно за тоа како да се пишува музика. Кога бев во трета година, професорот Василчо Пецакоски ме запозна со сега покојниот професор Гоце Коларовски, кој специјално доаѓаше во Битола, за нам неколкумина ученици кои сакавме да учиме композиција, да ни држи часови. Всушност, јас планирав по средното музичко училиште да се запишам на одделот по композиција на ФМУ во Скопје, но по сугестија на професорот Коларовски, кој откри дека имам посебно чувство за традиционалната музика, се запишав на тогаш штотуку формираната класа по народни инструменти на професорот Драган Даутовски. Дека тоа беше исправна одлука ме охрабри и професорот Властимир Николовски, кај кого на времето посетував приватни часови по компонирање и кој во една пригода ми рече: „Знаеш ние композиторите за овие инструменти, народните, ги прашуваме музичарите како да напишеме музика за нив, а ти умееш да свириш на нив. Тоа е предност за тебе".

■ **Значи, како Ви станаа блиски народните инструменти?**

● Па, ете, во Вевчани се одржува „Вевчанскиот карневал", а јас на карневалот свирев на зурла, а тоа го научив од старите мајстори. Повеќе би рекол дека во тие детски години имав чувство за традиционалната музика отколку што умеев да свирам на различни инструменти. Моето внесување во звукот на народните инструменти - гајдата, кавалот, тамбурата... беше благодарение на професорот Даутовски, кој ми дозволи многу рано да ги следам пробите на класата по народни инструменти, значи уште пред да стасам во третата година од студиите кога по правило почнуваше наставата по народни инструменти. Учењето кај професорот Даутовски за мене беше голема придобивка. Даутовски е врвен музичар, татко на македонскиот современ звук, уметник кој е заслужен за ренесансата на традиционалната македонска музика и народните инструменти. Но, иако сум ученик на Даутовски, мојата цел е да изградам сопствен стил во создавањето музика, да бидам свој, со сопствен авторски печат.

■ **Како би ја дефинирале музиката што ја создавате?**

● Се обидувам да воспоставам врска помеѓу уметничкото и



**„Неодамна на Факултетот за музичка уметност во Штип со студентите од класата по народни инструменти го одржавме првиот целовечерен концерт. Концертот имаше наслов 'Најслатка е водата од изворот' и наиде на позитивен одѕив кај публиката"**



## Првиот вевчанец со музичко училиште

**■ Имате ли друг во семејството да бил музичар?**

● Кажуваат за некој предок дека бил по музиката, а и стрико ми е наставник по музичко. Но, јас сум првиот од семејството што професионално се занимава со создавање и изведување музика. Јас бев првиот вевчанец кој тргна на музичко училиште. Сега има наплив на нови генерации од Вевчани, кои се запишуваат во средно музичко училиште, а потоа на факултет. Тоа ме прави многу среќен.

традиционалното, односно спој помеѓу различните и навидум неспоиви стилови и правци, кои се карактеристични од една страна за уметничката музика, а од друга за изворната, традиционална инструментална музичка традиција и православна музика. Мислам дека во овој спој го пронајдов мојот вистински правец и дека токму поради тоа „Портал", составот кој јас го основав и со кој ја изведувам мојата музика, се разликува од другите етносостави во Македонија. Имено, за разлика од другите етносостави, музичарот што во „Портал" свири пијанистички делници, мора да е професионален пијанист бидејќи тие делници се сложени и бараат темелна изведувачка умешност. Што се однесува до кавалот во моите композиции, од тој инструмент настојувам да го извлечам максимумот и од него вадам повеќе од еден глас. Но, сето тоа јас не го нарекувам експеримент бидејќи знам што правам - инструментот ми ги нуди своите можности, а јас само ја користам божјата енергија што ми доаѓа одозгора и ја манифестирам како посредник. Ништо повеќе.

**■ „Портал" изведува Ваши авторски композиции, се чувствувате ли од тој аспект привилегиран, бидејќи постојат композитори кои создаваат музика, но нивните дела нема кој да ги изведе?**

● Никогаш не се надевав дека ќе стигнам дотаму како што на времето работеле некои композитори - во секој момент да ми бидат достапни инструменталисти кои ќе ги изведуваат моите дела. Такво нешто денес тешко се постигнува, да не речам дека е незамисливо. Но, морам нешто да нагласам. Имено, јас не си дозволувам себеси да се наречам композитор, јас сум само автор. Композитор за мене е голем термин и со него заслужуваат да бидат наречени оние што имаат завршено соодветно образование за компонирање. Лично, не жалам што не завршив композиција, туку на одделот по народни инструменти, бидејќи професорот Даутовски ми отвори нови видици за музиката. Занаетот на компонирање и до денес го учам, но го учам на малку поинаков начин каде што главната основа е звукот кој произлегува од македонското тло.



Со членовите на составот „Портал"

**Членовите на составот 'Портал' се од различни краеви на Македонија. Сите искрено се посветени на она што го работиме во 'Портал' и веруваме дека успеваме нашата позитивна енергија да ја пренесеме и на публиката**

**■ Неодамна со „Портал" настапивте на „Скопско лето" и главно вашите настапи се на слични фестивалски случувања. Дали е тоа добар начин за промовирање на она што го работи „Портал"?**

● Овој состав имаше неколку фази на креација и низ него поминаа повеќемина музичари. Ние не сме состав кој трча по популарност, отсекогаш сме дејствувале задзински, со една мисионерка цел она што го работиме да им го доближиме на оние што сакаат да ги изучуваат народните инструменти свесно и умно. Со „Портал" настапуваме на речиси сите манифестации кои се одржуваат во Македонија. На „Скопско лето" сме настапувале повеќе пати, а и со „Струшките вечери на поезијата" константно имаме добра соработка бидејќи од фестивалот ја почитуваат нашата музика. Следна цел ни е да снимиме цеде. Веќе имаме подготвено материјал, единствено чекаме да добиеме средства и да влеземе во студио. Тоа би било мое прво цеде со авторска музика. Инаку досега сум гостувал на цедеата на неколкумина наши истакнати музичари како Тоше Проески во неговиот „Божилак" и во „Разбој" на „Драган Даутовски квартет". Со Тоше соработував подолго време, настапував и на негови концерти, на скопскиот во 2006 година, како и на оној во белградска „Арена". На концертите свирев на кавал, на мојот најомилен инструмент.

**■ Зошто од сите народни инстру-**

## За карневалот сум во Вевчани

**■ На карневалот во Вевчани почна Вашата љубов кон музиката, дали сè уште сте присутен на него?**

● А, кој не оди на карневалот. Сите нас кои живееме надвор од Вевчани на шега нè нарекуваат амбасадори на Република Вевчани во Република Македонија. Но, за карневалот сите мора да сме таму, инаку ќе добиеме голем минус.

**■ Свирите ли и натаму на зурла на карневалот?**

● А не, за тоа веќе имам силна конкуренција. Во Вевчани се родија нови генерации млади кои свират на зурла и се мајстори во тоа. Мора да се остава простор и на други да се докажуваат. Убаво е кога има нови млади луѓе кои сакаат тоа да го прават. Инаку, често одам во Вевчани. Целата инспирација ја црпам од таму, од духот на Вевчани и неколку мои композиции, како на пример „Танцот на изворите" или „Манастирски копнеж" се инспирирани од духовното богатство на Вевчани.



Јанкоски со студентите од неговата класа на Факултетот за музичка уметност во Штип

**менти најмногу го сакате кавалот?**

● Бидејќи тоа е инструмент кој е дел од животот. Многу народи го нарекуваат божји инструмент. Се смета дека од кавалот, кој е обична дрвена цевка, може да произведе убав звук само човек кој има душа, бидејќи неговата душа со дувањето преминува во инструментот. Па, кога тоа ќе се случи од дрвото може да потече и некаков животен сок, нешто слично како кај иконите на кои се појавува мироточие. Но, секако, кавалот како инструмент во последно време се злоупотребува, како впрочем и сите други народни инструменти. Денес сѐ повеќе се појавуваат музичари кои на времето свиреле други музички жанрови и одеднаш преминуваат на фолклор и мислат дека од него можат сѐ да грабаат.

■ **Факт е и дека денес има многу состави кои го негуваат етнозвукот. Дали станува збор за искрена определба или, пак, за помодарство?**

● Знаете јас велам - нека прави кој како сака, но времето ќе покаже кои се вистинските вредности. Кога одам во дримколскиот крај на некои места покрај реката Дрим забележувам нечистотии, кои самата река ги исфрлила бидејќи не ги прифаќа. Истото според мене ќе се случи и со сегашното префорсирано користење на традиционалната музика и народните инструменти. А, инаку, помодарство имало и ќе има. Но, верувам дека за сѐ што работиме во животот пресудна е љубовта и искреноста. На членовите на „Портал" често им велам дека ако целта им е да заработат од она што го прават, тоа нема да им се случи во овој состав туку подобро е да свират по кафеани, по свадби, ноќни клубови. Но, ако сакаат музика, вратата на „Портал" им е отворена.

■ **Како професор задоволен ли сте од интересот на младите за изучување на народните инструменти?**

● Да, постои интерес.

■ **Како го објаснувате тоа?**

● Не би можел да речам дека имам конкретен одговор. Кога се подготвував за да почнам со работа на Факултетот за музичка уметност во Штип, помислив кој мене ме знае таму и кој би дошол да студира во класата по народни инструменти. Но, се покажа дека не сум бил во право. Наместо да се пријават двајца-тројца кандидати, како што очекував, се пријавија дури 22-ца. Признавам, таквата ситуација малку ме уплаши. Од една страна убаво е да имате толку многу студенти, но од друга знаев дека на секој студент треба да му посветам внимание, а за тоа е потребна голема енергија. Значи, морав да направам селекција на кандидатите. Мојот критериум беше да одберам ученици кои имаат потенцијал да ги совладаат народните инструменти, но во исто време кои ќе умеат мудро да го искористат своето знаење и да создадат нешто ново во музиката. Бидејќи знаете, техниката на свирење на кавал, тамбура, дајре... може да ја совладаат многумина, но да се внесе душа во тоа свирење им успева на неколкумина. Порано не можев најдобро да го разберам професорот Даутовски кога ми велеше: „Ќе видиш, самите студенти ќе си се одбираат, нема ти да ги одбираш". И навистина така се случи. Студентите кои сакат да научат нешто повеќе од основното за народните инструменти, сега веќе самите ме бараат. Тоа е голема чест за мене.

**Гордана Колевска**


Здраво Македонија!

**Промената започна!**

ИК Банка стана Halkbank, бренд со долга традиција на моќно и иновативно банкарство.

HALKBANK